Република Македонија
Основен суд Виница
«СУ-03-59/20
«04.08.2020 година
Виница

Согласно Одлуката за постапување во Основен суд Виница при услови на пандемија предизвикана од вирусот КОВИД 19 со правила за однесување во судската зграда Су-03-59/20 од 04.08.2020 година, ВД Претседателот на Основен суд Виница на ден 04.08.2020 година ги донесе следните:

ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ПОСЕТИТЕЛИ ВО ОС ВИНИЦА
-мерки на претпазливост за спречување на
ширење на зараза од вирус КОВИД 19

Секој посетител на ОС Виница е должен:

1.Да овозможи од страна на судскиот полицаец со безконтактен топломер да му се измери телесната температура. Доколку телесната температура е повисока од 37° нема да се дозволи влез во судот.

2.Да изврши дезинфекција на рацете при влез во зградата на ОС Штип.

3.Да носи заштитна покривка на устата и носот (маска и сл) за целото време на престојот во зградата на ОС Виница, освен во неопходни случаи (здравствени потреби, потреби на постапката и сл.)

4.Да одржува дистанца од 2 метри секогаш кога тоа е можно.

5.Да не се задржува без потреба во зградата на ОС Виница.

6.Да се однесува совесно и грижливо заради заштита на здравјето и животите на сите.

7.Да ја запази својата и општата хигиена, а по потреба да ги користи само предвидениот тоалет за посетители.

8.Да ги почитува сите насоки дадени до страна на овластено лице од судот.

9. Да ги извести службените лица во судот доколку настане промена на неговата здравствена состојба со потенцијална опасност од ширење на зараза со вирусот КОВИД 19 или постои опасност од ширење на зараза од негова страна ( на пр. смета дека имал контакт со можен забоелн или потврден заболен, препознава симптоми на КОВИД 19 кај себе и сл.).

Доколку горе наведените правила и мерки на се почитуваат , посетителот може да биде опоменет, а потоа и да не му се доволи влез во зградата или да биде отстранет од судот од страна на овластеното службено лице. Евентуалната штета од непочитувањето на правилата и мерките во тој случај ќе биде одговорност на лицето кое не ги почитува правилата и мерките.

ВД Претседател на судот,
Васка Петрова